Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar Примено Received | 20.08.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org. Орг.Един. Org.unit | Numer Број No. | Shtojcë Прилог Attachment | Vlera Вредност Value |
| 03 | 7/6 | 0 | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 02- 402/5
12. 07 2021 год.-viti
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 165 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 15 седница одржана на 07.04.2021година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Бизнис аналитика – на англиски јазик", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) на Факултет за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово**

1. Се акредитира студиската програма „Бизнис аналитика – на англиски јазик", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) на Факултет за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран по бизнис и економија од областа на Бизнис аналитика /во меѓународен промет академски назив: Bachelor in Business Analytics.

4. Научно подрачје: 5 Општествени науки, 1-Природно-математички науки, 2- Техничко-технолошки науки

Научно – истражувачко поле: 503 Економски науки;506 Организациони науки и управување (менаџмент); 109 Математика; 110 Информатика; 212 Компјутерска техника и информатика.

Научно – истражувачка област: 50325 Маркетинг; 50326 Финансии; 50328 Сметководство; 50322 Економетрија; 50608 Маркетинг менаџмент; 50611 Управување со систем; 50329 Друго; 10907 Математичка статистика и математичко истражувања; 11000 Информатика; 11007 Алгоритми; 11002 Информациони системи и програмирање; 11001 Теорија на системи и контрола; 11009 Симулација; 11011 Друго; 21204 Обработка на информации; 21206 Процесирање на податоци; 21208 Друго.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 50 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

[1] 03-7/6 [2021]

**Образложение**

По предходно донесената одлука бр. 08-3730/2 од 24.12.2020 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Бизнис аналитика – на англиски јазик", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) на Факултет за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа – Тетово, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 402/1 од 22.01.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 11-та седницата одржана на 27.01.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 402/4 од 28.04.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 15-та седница одржана на 07.04.2021година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски

Universiteti i EJL në Tetovë - Republika e Maqedonisë së Veriut
Универзитет на ЈИЕ во Тетово - Република Северна Македонија
SEE University at Tetovo - Republic of North Macedonia
Tetovë- Тетово- Tetovo

| Pranuar<br>Примено<br>Received | 24.09.2021 | | |
|---|---|---|---|
| Nj.org.<br>Орг.Един.<br>Org.unit | Numer<br>Број<br>No. | Shtojcë<br>Прилог<br>Attachment | Vlera<br>Вредност<br>Value |
| 03 | 1196/2 | 0 | |

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ - AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 402/10
21.09. 20 21 год.-viti
Скопје - Shkup

**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT**
**AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË**
**BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË**

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 165 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 15 седница одржана на 07.04.2021година, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Бизнис економија, насока Бизнис аналитика“, прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) на Факултет за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово**

1. Се акредитира студиската програма „Бизнис економија, насока Бизнис аналитика“, прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) на Факултет за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа - Тетово согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Дипломиран по бизнис и економија, насока Бизнис аналитика /во меѓународен промет академски назив: Bachelor in Business and economics, module: Business Analytics.

4. Научно подрачје: 5 Општествени науки, 1-Природно-математички науки, 2- Техничко-технолошки науки

Научно – истражувачко поле: 503 Економски науки;506 Организациони науки и управување (менаџмент); 109 Математика; 110 Информатика; 212 Компјутерска техника и информатика.

Научно – истражувачка област: 50325 Маркетинг; 50326 Финансии; 50328 Сметководство; 50322 Економетрија; 50608 Маркетинг менаџмент; 50611 Управување со систем; 50329 Друго; 10907 Математичка статистика и математичко истражувања; 11000 Информатика; 11007 Алгоритми; 11002 Информациони системи и програмирање; 11001 Теорија на системи и контрола; 11009 Симулација; 11011 Друго; 21204 Обработка на информации; 21206 Процесирање на податоци; 21208 Друго.

5. Вкупниот број на студенти кои можат да бидат запишани на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение изнесува 50 студенти.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

[1] 03-1196/2 [2021]

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

**Образложение**

По предходно донесената одлука бр. 08-3730/2 од 24.12.2020 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Бизнис економија, насока Бизнис аналитика", прв циклус на академски студии - додипломски студии (180 ЕКТС) на Факултет за бизнис и економија при Универзитет на Југоисточна Европа – Тетово, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 402/1 од 22.01.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 11-та седницата одржана на 27.01.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 402/3 од 28.04.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 15-та седница одржана на 07.04.2021година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски